**Уп. бр. 08-42/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Даимлер Трак АГ, со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, доставено преку Филип Зафриовски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 25.03.2026 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Даимлер Трак АГсо регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, има намера да стекне единствената контрола над целните средства на Џозеф Пол ГмбХ унд Ко. КГ Шпервис 1, 94036 Пасау, Германија, која опфаќа: сервисирање на камиони и продажбата на камиони, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), 20.02.2026 година, а дополнето на 02.03.2026 година, и на 11.03.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Даимлер Трак АГ, со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, со која Даимлер Трак АГ, има намера да стекне единствената контрола над целните средства на Џозеф Пол ГмбХ унд Ко. КГ Шпервис 1, 94036 Пасау, Германија, која опфаќа: сервисирање на камиони и продажбата на камиони, по пат на купопродажба на средства.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Даимлер Трак АГ**, е зависно друштво во целосна сопственост на ДТХАГ (кое е само холдинг компанија), е акционерско друштво регулирано со законите на Германија со регистрирано седиште во Штутгарт, Германија.

Даимлер Трак АГ е активно во бизнисот со камиони и автобуси и е фокусирано на производство и продажба на камиони и автобуси. Палетата на производи на Даимлер Трак АГ за камиони вклучува лесни, средни и тешки камиони за долги растојанија, дистрибуција и транспорт на градилишта, како и специјални возила кои се користат главно во општински примени.

ДТХАГ е холдинг компанија на групацијата на компании Даимлер Трак.

ДТХАГ / Даимлер Трак АГ не контролира ниту едно зависно друштво во Северна Македонија, а неговите производи ги дистрибуира независниот дистрибутер - трета страна на Групацијата Даимлер во Северна Македонија.

**Џозеф Пол ГмбХ унд Ко. КГ**, во локацијата Пасау Шпервис во Германија, кој опфаќа:

- Обезбедување услуги за камиони (брендовите Мерцедес-Бенц (*Mercedes-Benz*) и ФУСО (*FUSO*)), автобуси (брендовите Мерцедес-Бенц (*Mercedes-Benz*) и Сетра (*Setra*))), комбиња (вклучувајќи кампер комбиња) и патнички автомобили (двата од брендот Мерцедес-Бенц (*Mercedes-Benz*)); и
- Продажба на камиони (брендовите Мерцедес-Бенц (*Mercedes-Benz*) и ФУСО (*FUSO*)). (заедно "Целните средства")

Поточно, Целните средства ги вклучуваат сите материјални основни средства, особено машини, механички инсталации, опрема, оперативни објекти, оперативна и деловна опрема, како и средства со ниска вредност;

Тековни средства, особено суровини, помошни материјали и оперативни материјали, како и готови производи и стоки; договорни односи на датумот на комплетирање; работни односи; и деловни евиденции што се припишуваат на Целните средства. Средствата што се припишуваат на продажба на комбиња и продажба на (користени) патнички автомобили се исклучени од Целните средства.

Целните средства не преземаат никакви средства во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**